# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


јануари, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 20.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што во ист термин, пред ист судечки совет е закажано рочиште за главна расправа по друг предмет.

На 24.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 15.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради друг предмет закажан во исто време пред истиот судечки совет.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 22.01.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа дадени завршни зброви од страна на јавниот обвинител и одбраната.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 21.01.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на јавниот обвинител и одбраната.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 24.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитано едно вешто лице, повикано од страна на застапникот на обвинението.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 27.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 31.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На 21.01.2020 година, беше јавно објавена пресудата. Судот донесена ослободителна пресуда за петмина обвинети.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 14.01.2020 година, на рочиштето за главен претрес во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 28.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 16.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 20.01.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беше испитан сведок и двајца обвинети на предлог на одбраната. Дополнително на рочиштето се изведуваа и материјални докази.

На 21.01.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 обвинети на предлог на одбраната. Дополнително на рочиштето се продолжи со изведување на материјални докази.

На 23.01.2020 година, во фаза на доказна постапка, на предлог на одбраната беа испитани двајца обвинети и двајца сведоци. На рочиштето се продолжи и со изведување на материјални докази.

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што во исто време во иста судница пред друг судечки совет е закажан друг предмет.

На 31.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-115/16

На 10.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради промена на судечки совет.

## „ИЗГРЕВ“ КОК-88/15

На 23.01.2020 година, рочиштето се одложи поради тоа што се уште не е изготвено финансиско вештачење, кое како доказ е предложено од страна на одбраната.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 22.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 13.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители, како и поради оставка на судија – поротник.

На 14.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, поради здравствени причини.

На 15.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, поради здравствени причини.

На 20.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отуство на еден од обвинетите, поради здравствени причини. На рочиштето беше повикано медицинско лице, со цел да се произнесе за здравствената состојба на обвинетиот. Јавноста беше исклучена во текот на произнесувањето, а не беше дозволено присуство ниту на стручна јавност.

**„РЕКЕТ“ КОК-116/19**

На 03.01.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок од страна на застапникот на обвинението и одбраната.

На 20.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители поради здравствени причини.

На 23.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранители.

На 27.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, предложен од страна на застапникот на обвинението и одбраната.

На 28.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, предложен од страна на одбраната и јавниот обвинител.

На 29.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани вкупно 5 сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 31.01.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17**

На 29.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок.

**„ТАЛИР 2“ КБР.1413/19**

На 24.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот, поради здравствени причини.

## „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 08.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитано едно вешто лице, на предлог на јавниот обвинител.

На 28.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитано едно вешто лице, предложено од страна на застапникот на обвинението.

## „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР “ КБР.1904/16

На 27.01.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази, а беа испитани и четири обвинети лица, на предлог на одбраната.

На 31.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 5 обвинети лица, на предлог на одбраната.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 20.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на оштетениот.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16

На 14.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи на барање на одбраната, а поради ангажман на бранителот на обвинетиот за друг предмет.

## „ТАМАРА“ КБР.930/18

На 17.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци повикани од страна на одбраната.

На 27.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани тројца сведоци, од кои двајца беа повикани од страна на одбраната, а еден сведок повикан од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 31.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18

На 30.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19

На 27.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 31.01.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.